РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС

| Примено: | 25-12-2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог: | Вредност: |
| 26 - | 5936/1 | | |

До: Општина Велес
Одделение за животна средина

Почитувани,

Врз основа на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр. 101/2019), Ве молам да ми ги доставите следните информации поврзани со работата на комуналните редари вработени во ЈКП „ДЕРВЕН" – Велес:

1. Вкупен број на комунални редари ангажирани во рамки на ЈКП „ДЕРВЕН".
2. Опис на нивните надлежности и активности согласно важечките акти.
3. Податоци за спроведени контроли и интервенции од страна на комуналните редари во периодот од јануари до декември 2025 год, вклучително и:
   - број на извршени контроли,
   - број и вид на изречени опомени/мерки,
   - број и вид на поднесени прекршочни пријави.
4. Дали комуналните редари водат евиденција или извештаи за својата работа и, доколку да, во која форма.
5. Податоци дали и на кој начин граѓаните можат да поднесат пријава или поплака за постапување/непостапување на комуналните редари.

Барам информациите да ми бидат доставени во електронска форма, на оваа е-пошта, во законски предвидениот рок.

Ова барање се поднесува заради остварување на правото на информираност и транспарентност во работењето на јавните претпријатија.

Со почит,

[redacted]